ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
Палата Македонија
Скопје, Р.Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@drz.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број:12-77/5**

**Дата: 02.03.2010**

**ДО**
**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА СТРУМИЦА**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Органот на Општина Струмица за 2008 година, кои се прикажани на страните од 9 до 11.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Органот на општина Струмица за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.
Последна ревизија која е извршена на финансиските извештаи на Органот на Општина Струмица се однесува на 2005 година. При тоа, за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи е издадено негативно мислење, додека мислењето во однос на наменско и законско користење на средствата е со резерва.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Зоран Заев, градоначалник на општина Струмица во 2008 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 8 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во периодот од 02.11 до 22.11.2009 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи;

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со извесни корекции на финансиските извештаи прифатени и спроведени од страна на субјектот.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. На ден 12.02.2010 година примени се забелешки на Претходниот извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи за 2008 година на Општина Струмица за средствата на сметката на Органот, под број 08 – 385/3 од 09.02. 2010 година, од Градоначалникот на општина Струмица. Истите се разгледани при што е одлучено следното :

- забелешките кои се однесуваат на наодот од точка **10.1.1. не се прифаќаат,** од причина што истите имаат карактер на известување за преземени мерки и активности по дадените препораки од ревизијата, а наодот останува во Конечниот извештај. По овој наод во Конечниот извештај препораката под втора и петта алинеја се брише, од причина што субјектот по истите постапил во фаза на забелешки по Претходен извештај.

- забелешките на точка **10.2.1., 10.2.2., 10.2.3., 10.3.2., 10.3.3., 10.3.4., 10.3.5., и 10.4.1. не се прифаќаат,** од причина што немаат карактер на забелешки туку известување за преземени мерки, во тек на преземање или мерки кои ќе се преземат во иднина.

11**.** Со ревизијата на финансиските извештаи за 2008 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**11.1. Систем на интерни контроли**

11.1.1.Процес на плаќања

При оценка на процесот на безготовинско плаќање, ревизијата констатира дека не е воспоставен систем на внатрешна финансиска контрола, иако Градоначалникот на Општината во октомври 2008 година има донесено Упатство за начинот на прием и постапување со вкупната финансиска документација на општина Струмица и други акти кои се однесуваат на набавка и трошење на средствата од буџетот.
Дел од плаќањата во текот на 2008 година се извршени врз основа на некомплетна, неликвидирана и непотврдена документација од одговорни лица, односно:

- не се врши ликвидирање на документацијата од аспект на логичка и математичка контрола;
- не се воспоставени контролни постапки за следење на договорите за спроведените набавки на стоки, услуги и извршени работи;
- не е назначен одговорен сметководител.

Во Правилникот за систематизација на работните места во Општина Струмица не постои јасно разграничување на надлежностите и одговорностите на вработените, односно не се обезбедени услови за:

- ex-ante финансиска контрола (проверка на точноста и усогласеноста на сите документи кои се однесуваат на финансиски активности и создавање обврски и расходи со законите, подзаконските и интерните акти, одлуки и договори пред нивно извршување) од страна на раководителите на секторите и одделенијата за кои се направени расходите, како и од други лица вклучени во процесите и
- ex-post финансиска контрола (проверка на усогласеноста на активностите со законските, подзаконските и интерните акти, одлуки и договори по нивното извршување) со цел проверка на законско и наменско користење на средствата.

Невоспоставениот систем на внатрешна финансиска контрола не е во согласност со одредбите од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола и влијае врз извршувањето на активностите на Општината на транспарентен и регуларен начин. Плаќањата врз основа на документација која не е комплетна не е во согласност со Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и го зголемува ризикот од ненаменско и незаконско користење на буџетските средства на Општината.
Во фаза на забелешки по Претходен извештај градоначалникот има одредено одговорен сметководител и овластено лице ликвидатор постапувајќи по препораките на ревизијата.

**Препорака**:
Градоначалникот да преземе активности:

- за примена на веќе донесените пишани процедури;
- во актот за систематизација на работните места да се утврдат работните места и одговорните лица за извршување на ex-ante и ex-post финансиска контрола и соодветна поделба на должности меѓу функциите.
- сите процеси во општината да се документираат на начин кој ќе овозможи следење на работењето и текот на трансакциите;

**11.2. Неправилна примена на акти**

11.2.1. Општина Струмица исплаќа средства за одржување на културни настани, манифестации, фестивали и сл., меѓутоа, нема донесено годишна програма усвоена од Советот за спонзорирање на манифестации и културно уметнички настани, како и критериуми за поделба на средства. Средствата се исплаќаат по барање, на институции, а не по претходна објава на оглас.
Отсуството на програми, како и акт со утврдени критериуми за доделување средства за финансирање на културни настани создава можност за субјективност во одлучувањето при доделувањето на средствата, нетранспарентност, незаконско и ненаменско користење на буџетските средства.

**Препорака:**
Советот на општина Струмица да донесе акт/програма за доделување на средства на здруженија на граѓани, фондации, спортски клубови, хуманитарни организации за одржување на културни настани, фестивали и манифестации, со утврдени критериуми за доделување средства, со што ќе се обезбеди наменско користење на средствата.
11.2.2. Одлуката за определување на надоместоци на членовите на Советот на општина Струмица не е во согласност со Законот за плати и другите надоместоци на бираните и именувани лица во Република Македонија. Во Законот е уредено дека

намалувањето на месечниот надоместок за 30% се врши за секое отсуство од седница на советот, додека во Одлуката е уредено дека месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот на општината се намалува за 30% за секое неоправдано отсуство од седница на Советот и работните тела на Советот. Ова влијае на зголемување на расходите на Општина Струмица и за незаконско користење на средствата.

**Препорака:**
Одлуката за определување на надоместоци на членовите на Советот на општина Струмица да се усогласи со Законот за плати и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија.

11.2.3. На ставката Други градежни објекти евидентирани се расходи кои се однесуваат за извршени работите од областа на уредување градежно земјиште и изградба на инфраструктурни и капитални објекти на подрачјето на општина Струмица – изградба на булевари, улици, мостови, водоводна, фекална и атмосферска канализациона мрежа. Од увидот во документацијата на службите на општина Струмица, ревизијата ги констатира следниве слабости:

- на ревизијата, не и беше презентирана документација како потврда за завршеноста и извршено примопредавање на изведените градежни објекти во вкупна вредност од 62,464 илјади денари, што е пропишано со Законот за градење. Освен завршен извештај од надзорниот инженер дека градбата е изградена согласно со проектот и одобрението за градење, по завршување на работите не се организира технички преглед и не се составува записник од Комисијата што врши технички преглед, документ врз основа на кој треба да се издаде одобрение за употреба и да се изврши примопредавање на изведените градби како градежен објект, завршени во текот на 2007 и во 2008 година, а платени во текот на 2008 година.

- од увидот во градежната документација, ревизијата констатира дека општина Струмица започнала со изградба на инфраструктурни објекти во вкупен износ од 19,576 илјади денари, без да обезбеди одобрение за градба од општината, што не е во согласност со Законот за градење. Започнувањето со изведба на градбите за кои не е обезбедено одобрение за градење од надлежните органи има третман на диво градба и условува незаконско користење на средствата по истиот основ (Пилог бр.1).

Нецелосната примена на Законот за градење, а имајќи ги предвид надлежностите на општина Струмица и дејностите кои се финансираат, создава ризик од намалена транспарентност во работењето на општината и неисполнување на сите обврски кои произлегуваат од склучените договори со изведувачите за вршење на градежни работи.

**Препорака:**
Раководителот на Секторот за комунални работи да изготви интерен акт/пишани процедури со утврдување на минимум документи и постапки што треба да го содржи секое досие.

## 11.3. Неправилности во искажувањето на приходите/расходите

11.3.1. Извршено е авансно плаќање за три месечно, 24 часовно обезбедување на урбана опрема и дел од објекти. Во договорот, предметот на договорот не е јасно дефиниран, односно не е можно да се утврди каква услуга треба да биде извршена, во

кој обем, на која локација, а времетраењето на договорот е до крајот на годината. Плаќањето, во вкупен износ од 340 илјади денари е врз основа на фактура, која се доставува за исплата во рок од пет дена по потпишување на договорот, што значи авансно плаќање пред извршување на услугата. Фактурата е платена на 8 октомври 2008 година. Не е уреден начинот на потврда за извршената работа. Нема извештај од економскиот оператор и нема потврда од овластено лице во Општината дека работата навистина е извршена.

11.3.2. На ставката Договорни услуги се искажани расходи по основ ангажирање повеќе лица за извршување на работи со кои перманентно, секој месец се склучени договори за дело. На овие лица во 2008 година е исплатен надоместок во износ 2,942 илјади денари за кој е пресметан и платен персонален данок на доход. Надлежните во општината биле должни ангажирањето на овие лица да го усогласат со одредбите од Законот за државни службеници и Законот за работни односи.
Дел од овие лица се примени во редовен работен однос на крајот на 2008 година, меѓутоа, дополнително се примени нови лица по договор за дело. Непочитувањето на одредбите од наведените закони има за ефект непресметани и неплатени придонеси и нереално искажани расходи во Билансот на приходи и расходи за 2008 година.

**Препорака:**
Градоначалникот на Општината како надлежен орган кој одлучува за вработувањето, правата, должностите и одговорностите на вработените во општинската администрација, да обезбеди вработувања на лица согласно актот за систематизација и законските прописи кои ја регулираат оваа област.

11.3.3. На две физички лица - овластени конзерватори за изготвување проекти за изведување на работи на непосредна заштита - реставрација и делумна реконструкција на Цареви Кули и за конзерваторски надзор се исплатени 680 илјади денари во услови кога постои Национална установа Завод за заштити на спомениците и културата и Музеј - Струмица, чија дејност е извршување на работи, за кои се ангажирани физичките лица. Според објаснувањата на одговорните лица во Општината, Националната установа Завод за заштити на спомениците и културата и Музеј - Струмица не прифатила извршување на оваа активност поради тоа што не била вклучена во нејзината годишна програма, а заради итност на проектот било неопходно ангажирање на овие лица. Ревизијата не доби потврда дека Националната установа писмено го одбила извршувањето на овие работи, како и дали овие лица кои се вработени во Националната установа оваа активност ја извршувале за време на работно време или вон работното време.

**Препорака:**
Градоначалникот на Општината, за работи за кои постојат и делуваат државни установи, да ги ангажира нив, а не физички лица без оглед на тоа што ангажираните лица имаат овластување за вршење на овие работи.

11.3.4**.** Во текот на 2008 година се исплатени средства во износ од 1,306 илјади денари за помош на социјално загрозени лица.
Согласно Законот за локална самоуправа, социјалната заштита спаѓа во надлежностите на општините, а истовремено со Законот за социјална заштита е уредено дека општините организираат и обезбедуваат спроведување на социјалната заштита преку донесување сопствени развојни програми за специфичните потреби на граѓаните од областа на социјалната заштита и донесуваат општи акти од областа на социјалната заштита.
Општина Струмица нема донесено акт за доделување средства за помош со утврдени критериуми според видот на помошта, односно во кои случаи и за какви намени се

доделуват средства, висината на доделените средства, начинот на обработка на барањата (утврдување на потребната документација како основ за барањето и обезбедување на стручно мислење за реалноста на барањето).
Отсуството на програми, како и акт со утврдени критериуми за користење и доделување средства за социјална заштита, создава можност за субјективност во одлучувањето за доделување средства, нетранспарентност, незаконско и ненаменско користење на средствата.

**Препорака:**
Советот на општина Струмица да донесе развојни програми од обласа на социјалната заштита и акти со дефинирани критериуми за доделување средства, со што ќе се обезбеди наменско користење на средствата за социјалната заштита

11.3.5. На здруженија на граѓани, фондации и спортски клубови од Буџетот на Општина Струмица во 2008 година се исплатени 3.379 илјади денари. Согласно Законот за здруженија на граѓани и фондации, здруженијата на граѓани и фондациите можат да добиваат средства од буџетите на единиците на локалната самоуправа врз основа на претходно изготвени програми (проекти) од здруженијата на граѓани или фондациите кои ќе бидат одобрени од советите на единиците на локалната самоуправа.
Општина Струмица нема донесено годишна програма за спорт и рекреација за 2008 година усвоена од Совет на Општината.
Распределбата на средства за спортските клубови ја врши соработникот за спорт во Општината, кој врз основ на лични познавања на клубовите прави список на клубовите на кои ќе се доделуваат средствата. Средствата се делат врз основ на критериуми кои се наведени описно, а не и со бодови, со што е оставена можност лицето самостојно да одлучува при доделувањето на средствата. Не се бара Годишна програма на барателите, како и повратно известување дека манифестацијата за која се доделени средства е спроведена.
На Здруженијата на граѓани се исплаќани средства без одлука на совет, со решение на градоначалникот. Нема програма усвоена на совет во која ќе бидат наведени критериуми за условите и начинот на исплата, ниту пак се бараат проекти од здруженијата кои ќе бидат одобрени од советот на општината, пред да им се доделат средства.
Немањето акт со утврдени критериуми, како и не објавувањето оглас за доделување средства, создава можност за субјективност во одлучувањето, нетранспарентност и ненаменско користење на средствата.

### 11.4. Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба

11.4.1. Општина Струмица во својата евиденција го нема евидентирано имотот добиен согласно Решението од 1999 година за пренесување на право на сопственост на недвижен имот од Република Македонија на општина Струмица врз основа на спроведен делбен биланс, донесено од Владата на РМ.
Во врска со имотот со кој располага и е сопственост на општината нема обезбедено имотни листи од Агенцијата за премер и катастар на Република Македонија, иако во 2006 година надлежните служби во два наврата писмено се обратиле до Државниот Завод за геодетски работи Одделение Струмица. Поради тоа, искажаната состојба на материјалните средства на 31.12.2008 година не ја претставува реалната состојба на имотот на општината.

**Препорака:**
Градоначалникот на Општина Струмица да го интензивира процесот за добивање имотни листи од републичката геодетска управа врз основа на кои треба да се изврши евидентирање на материјалните средства сопственост на општина Струмица. До

добивањето на имотни листи, за целокупниот недвижен имот на Општината да се изврши проценка согласно Методологијата за проценка на пазарната вредност на недвижниот имот, а одделението за сметководство да изврши вонбилансно евидентирање на истиот.

**11.5. Неправилна примена на Законот за јавни набавки**

При увидот во начинот на спроведување на постапките за јавни набавки ревизијата утврди не применување на одредбите од Законот за јавни набавки:

11.5.1. Не се спроведени постапки за јавна набавка во вредност од 5,864 илјади денари (Прилог бр.2).
Не спроведувањето постапка за јавна набавка е спротивно на Законот за јавни набавки кој треба да обезбеди конкуренција меѓу економските оператори, еднаков третман и не дискриминација на економските оператори, транспарентност и интегритет во постапката на доделување на договор за јавна набавка и рационално и ефикасно искористување на средства во постапките на доделување на договори за јавни набавки.

11.5.2. Кај спроведените набавки со прибирање на понуди без објава на оглас:

- нема доказ дека известувањата за избор на најповолен понудувач се испратени до понудувачите.
- условите на набавката (рок на испорака и рок на плаќање) во упатството за изготвување на понудата се разликуваат од условите во договорот, а не се исполнети и други услови предвидени во тендерската документација (нема потпис и печат на техничка спецификација, нема параф на секоја страница).
- за изградба на санитарен јазол на ОУ“Сандо Масев“, во с.Водоча е избран понудувач чија регистрирана претежна дејност не е поврзана со предметот на договорот за јавна набавка. Доставениот документ од централниот регистар е со дата по потпишување на договорот, што е спротивно на одредбите од законот согласно кои документот за регистрирана дејност се доставува пет дена од денот на приемот на известувањето. Во документот е презентирана само приоритетната дејност - Друга трговија на мало во продавници со мешовита стока, а не градежна дејност.

11.5.3. Спроведена е јавна набавка за два јавни часовника и столб за потребите на Општина Струмица. Во повторената постапка се јавува еден економски оператор со кој е склучен договор и покрај тоа што економскиот оператор нема доставено документи за докажување на неговата лична состојба, способност за вршење на професионална дејност, економска и финансиска состојба и техничка и професионална способност.

11.5.4. Спроведени се две јавни набавки од мала вредност во 2007 година: замок за скокање, капија и фигура за Детски град и агрегат за струја за потребите на Територијалната Противпожарна единица - Струмица. Одлуката за избор на најповолен понудувач ја донел градоначалникот, врз основа на евалуација извршена од лице определено со Одлуката за потреба од набавка, а не од Комисијата за јавни набавки. Ваквиот начин на работење се темели на одредбите во Правилникот за начинот и постапката за вршење на набавки од мала вредност на општина Струмица дека набавката од мала вредност ја врши лицето определено со Одлуката за потреба од набавка. Меѓутоа, во Правилникот, исто така е наведено дека набавката треба да се врши во координација со Комисија за јавни набавки, што не се почитува во постапката.
12. Според наше мислење, освен за наведеното во точка 10.4. финансиските извештаи ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Органот на општина Струмица на ден 31 декември 2008 година, и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката

законска регулатива.

13. Според наше мислење, освен за наведеното во точките 10.2., 10.3. и 10.5.кај Органот на Општина Струмица за 2008 година, е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2008 година.

14. Прифатените и корегирани неправилности од страна на Органот на Општина Стумица во текот на ревизијата се однесуваат на корекции во Билансот на состојбата за вложувањата во ЈП „Паркиралишта" за учество во неговото основање и дополнителни вложувања во вкупен износ од 3,600 илјади денари.

15. Во однос на препораките дадени во Конечниот извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи на Органот на Општина Струмица за 2005 година, ревизијата утврди дека поголемиот дел од препораките што требало да се преземат заради отстранување на утврдените неправилности и незаконитости се спроведени или се во фаза на спроведување (донесен интерен акт за набавки, делумно обезбедени имотни листи за добиениот недвижен имот по основ на делбен биланс, усогласување на фактичката состојба на опремата утврдена со пописот со сметководствената состојба). Кај одредени утврдени состојби во изминатиот период за кои ревизијата дала препораки за преземање активности, во меѓувреме е изменета законската регулатива, така што дадените препораки се неприменливи.

Скопје, 24.02.2010 Овластен државен ревизор

**ОРГАН НА ОПШТИНА СТРУМИЦА**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2008 година**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2008 | 2007 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1. | 210.722 | 181.710 |
| **Вкупно приходи** | | **210.722** | **181.710** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.2.1. | 39.835 | 33.593 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.2.2. | 298 | 0 |
| Стоки и услуги | 3.2.3. | 49.961 | 46.138 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.4. | 13.280 | 10.626 |
| Социјални бенефиции | 3.2.5. | 101 | 180 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **103.475** | **90.537** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.3. | 107.247 | 91.173 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **107.247** | **91.173** |
| **Вкупно расходи** | | **210.722** | **181.710** |

**ОРГАН НА ОПШТИНА СТРУМИЦА**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ**

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2008 | 2007 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | | 0 | 100 |
| Побарувања од вработените | 4.1.1. | 40 | 0 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.2. | 8.116 | 3.351 |
| Залихи | 4.1.3. | 312 | 216 |
| Аванси за капитални средства | 4.1.4. | 1.091 | 1.091 |
| **Вкупно тековни средства** | | **9.559** | **4.758** |
| **Постојани средства** | | | |
| Нематеријални средства | | | |
| Материјални добра и природни богатства | 4.2.1. | 353 | 26.367 |
| Материјални средства | 4.2.2. | 303.396 | 224.860 |
| Материјални средства во подготовка | 4.2.3. | 29.788 | 14.144 |
| Долгорочни кредити и позајмици дадени во земјата и странство и орочени средства | 4.2.4. | 3.600 | 0 |
| **Вкупно постојани средства** | | **337.137** | **265.371** |
| **Вкупна актива** | | **346.696** | **270.129** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 4.340 | 569 |
| Примени аванси, депозити и кауции | 4.3.2. | 515 | 515 |
| Обврски спрема државата и други институции | | 0 | 1 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.3. | 3.261 | 2.266 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.4. | 30.920 | 15.335 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **39.036** | **18.686** |
| **Извори на деловни средства** | | | |
| Државен јавен капитал | 4.4.1. | 307.348 | 251.227 |
| Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | 4.4.2. | 312 | 216 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **307.660** | **251.443** |
| **Вкупна пасива** | | **346.696** | **270.129** |

**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА**
**ЗА 2008 ГОДИНА**

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2008 година** | **251.227** | **216** | **251.443** |
| **Зголемување по основ на:** | **89.517** | **1.496** | **91.013** |
| Набавки | 89.263 | 1.496 | 90.759 |
| Ревалоризација на земјиште | 254 | - | 254 |
| **Намалување по основ на:** | **36.995** | **1.400** | **38.395** |
| Потрошок на залихи | - | 1.400 | 1.400 |
| Пренос во вонбилансна евиденција | 29.023 | - | 29.023 |
| Амортизација | 7.973 | - | 7.973 |
| **Состојба 31.12.2008 година** | **303.748** | **312** | **304.060** |